## Активности кои ги спроведуваат Месните Женски Совети:

-учество во улични акции и кампањи
-јавно застапување на интересите на жените од селото
-покренување на иницијативи (спроведување на петиции и барања до надлежните институции)
-едукација на жените на теми од нивен интерес

## Биди гласна, приклучи се и ти!

с.Корешница, с.Бистренци,с.Прждево, с.Виничани, с.Ногаевци, с.Водоврати, с.Сирково, с.Манастирец, с.Трстеник

Оваа брошура е креирана во рамките на проектот „Моќни Месни Женски Совети“, кој е финансиски поддржан од страна на Екуменска Иницијатива на Жени, Р. Хрватска во соработка со фондација Filia и Германското министерство за надворешни работи.

EWI-EIŽ

filia die frauenstiftung

Federal Foreign Office

( Овој проект е дел од годишната програма која е финансиски поддржана од страна на Акција Здруженска )

акција ЗДРУЖЕНСКА

(Содржината на оваа бошура ги изразува исклучиво ставовите на нејзините автори и не го претставува службениот став на Екуменска Иницијатива на Жени)

ОЖ Женско лоби Демир Капија

# Месни Женски Совети

## Што претставува Месниот Женски Совет?

Месниот Женски Совет претставува неформално здружение на жените од рурално населено место. Право на членување имаат сите полнолетни жителки на селото. Сите членки на Месниот Женски Совет имаат еднакво право да даваат сопствени предлози кои се во насока на подобрување на условите за живот во селото. На состаноците на Месниот Женски Совет претседава претседателката на Советот која се избира на првиот состанок од страна на присутните со мнозинство гласови. На состаноците на МЖС се дискутираат актуелни теми и тековни проблеми кои ги засегаат жените од селото, се носат заклучоци и предлог решенија за постоечките проблеми. По донесувањето на предлозите истите се доставуваат до локалната самоуправа и надлежните институции во форма на барања на жените од селото ( по писмен пат или лично од страна на претставнички на Советот).

Претставнички на Месниот Женски Совет редовно присуствуваат и земаат активно учество на состаноците на месната заедница во селото.

## Цели на Месниот Женски Совет:

- да ги застапува интересите на жените од селото
- промовирање на женските човекови права и слобода без оглед на верска, расна и национална припадност
- зајакнување и унапредување на економската положба на жените
- поттикнување на жените на зголемено учество во јавниот и политичкиот живот
- актуелизирање на граѓанското учество на жените од селото







- да ги поттикнува жените на активно учество во планирањата и креирањето на локалните политики
- промоција на знаењето и образованието како неопходен услов за подобрување на положбата на жените од руралните средини
- развивање на свеста за значењето на женското репродуктивно здравје
- придонесување за развојот на месната заедница во селото

